Образец бр.1

## План за спроведување
## на проценка на влијание на регулативата

| | |
|---|---|
| Наслов на предлог законот: | Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за Царинската управа |
| Министерство: | Министерство за финансии |
| Лице за контакт/одговорно лице: | Сузана Стојмироска,<br>Раководител на сектор |
| Очекуван датум за усвојување на предлог законот: | 31.06. 2012 година |
| Поврзаност со ЕУ директиви | Нема поврзаност со ЕУ директиви |

**Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата**
(забелешка: овој дел е јавен и ќе се објави во Единствениот електронскиот регистар на прописи)

А. Почетна проценка на влијанието на регулативата

1. Кои се главните проблеми?

Секојдневното обавување на работните задачи во Царинската управа укажува дека бројот на предвидените и превземените државни службеници во одделни организациони единици на Царинската управа е поголем од потребниот број за извршување на надлежностите пропишани за овие организациони единици. Со извршените организациони промени направени поради потребата од обезбедување на брз и непречен проток на патници и стоки има потреба од пополнување на слободни работни места со статус на царински службеник и тоа во царинските испостави: Аеродром Скопје, Блаце, Табановце и автопат и царинска испостава Скопје 4 и др. Потребата за правилно искористување на човечките ресурси е евидентна, па затоа се покажува како реална потреба, вработените со статус на државни службеници да можат да бидат прераспоредени на други места со статус на царински службеници во зависност од реалните потреби на царинската служба, со што ќе се придонесе за правилно искористување на човечките ресурси и поефикасно извршување на надлежностите на Царинската управа.

2. Кои се можните решенија (опции)? Кои регулаторни или нерегулаторни мерки би можеле да се разгледаат?

Опција 1: "Не прави ништо" односно да не се менува постојната регулатива

Опција 2: Донесување на измени на Законот за Царинската управа со коишто ќе се овозможи прераспоредување на вработените во Царинската управа кои немаат статус на царински службеник на работни места со статус на царински службеник.

3. Кои се засегнатите страни кои ќе бидат вклучени во процесот на проценка на влијанието на регулативата?

- Министерство за финансии и Царинската управа.

Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата

1. Кои информации и податоци се веќе достапни?

Врз основа на Заклучокот од 211 седница на Владата на Република Македонија одржана на 09.02.2011 година, со кој се обврзува Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор да превземе активности за подобрување на соодветната и правичната застапеност на припадниците на заедниците кој не се мнозинство во Република Македонија и да ја реализира распределбата на државните службеници на органите на државната управа и другите државни органи, склучени се Спогодби за превземање на државните службеници, со кои спогодби Царинската управа превзема 40 државни службеници и истите ги распореди на работни места со статус на државни службеници во одделни организациони едниници во Царинската управа.

2. Кои дополнителни информации и податоци треба да се соберат?

Нема потреба од дополнителни информации.

3. Кој тип и ниво на проценка е потребно (Иницијална или Комплетна проценка на влијание на регулативата - принцип на пропорционална анализа)?

Ќе се спроведе иницијална проценка на влијание на регулативата

4. Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата и кои институции ќе се вклучат?

Нема да се формира меѓуресорска група, проценката на влијанието на регулативата

ќе ја спроведат вработените во Министерство финансии и Царинската управа.

## В. Временска рамка

**Кога ќе почнат активностите за проценка на влијанијата на регулативата?**

Активностите околу проценката на влијанието на регулативата ќе отпочнат во текот на месец маj.2012 година.

**Ако се планира вклучување на надворешни консултанти (на пример за аналитичките студии, собирање информации итн.), која е временската рамка предвидена за процесот на набавка и договарање?**

Не.

**Кога предлог законот и проценката на влијанието на регулативата ќе бидат донесени до Генералниот секретаријат?**

На јуни. 2012 година.

## Г. Ресурси

**1. Кои се планираните човечки и/или финансиски ресурси за спроведување на проценката на влијанието на регулативата и финализирање на предлог законот?**

Проценката на влијанието на регулативата и финализирањето на Предлогот на законот ќе се изврши од страна на вработените во Министерството за финансии.